**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

Наш број: 09-14247/1
27. 12. 2024
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Град Скопје донесе

# О Д Л У К А

за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.10/2024 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Советник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок, шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок, Сектор за даноци на имот и комунални такси, се избира кандидатот **Марија Трпковска Карчевска.**

2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 20.12.2024 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.10/2024 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-13774/6 од 27.12.2024 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во која што за работното место Советник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок, шифра УПР0101В01000, на ниво В1, Одделение за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок, Сектор за даноци на имот и комунални такси, предложи да се избере кандидатот Марија Трпковска Карчевска.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**